# ‚Чичко, кажи: Ла илахе илалах! – зборови со кои ќе се заземам за тебе кај Аллах‘

Сеид бин ел-Мусејеб пренесува од неговиот татко, дека рекол: „Кога смртта му се приближи на Ебу Талиб, Аллаховиот Пратеник го посети и се сретна кај него со Ебу Џехл и Абдула бин Ебу Умеје бин Мугире. Божјиот пратеник му се обрати со зборовите: ‚Чичко, кажи: Ла илахе илалах! – зборови со кои ќе се заземам за тебе кај Аллах‘, Ебу Џехл и Абдулах бин Ебу Умеје рекоа: ‚Зарем би ја напуштил верата на Абдул Муталиб?!‘ Аллаховиот Пратеник му ги кажуваше овие зборови и ги повторуваше, а и тие го кажуваа нивното, додека Ебу Талиб не рече дека ќе остане во верата на Абдул Муталиб, одбивајќи да каже: ‚Ла илахе иллаллах‘ Аллаховиот пратеник, алејхи селам рече: ‚Валлахи, ќе барам прошка за тебе освен ако не ми биде забрането.‘ Тогаш Аллах објави: ‚На Веровесникот и на верниците не им е дозволено да молат прошка за многубошците, дури и да им се најблизок род.“ (Ет Теуба, 113). Аллах, за случајот со Ебу Талиб, објави обраќајќи му се на Аллаховиот пратеник, алејхи селам: ‚Ти навистина не можеш да го упатиш на Вистинскиот пат тој што ти сакаш да го упатиш, Аллах му укажува на Вистинскиот пат на тој што Тој сака.‘‘“ (Ел Касас: 56).

[صحيح] [متفق عليه]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, влегол кај неговиот чичко Ебу Талиб кој бил пред умирање, па му рекол: „Чичко мој, кажи ‚Ла илахе иллаллах‘ зборови за кои јас ќе ти бидам сведок кај Аллах.“ Тогаш Ебу Џехл и Абдулах бин Ебу Умеје му рекоа: „Ебу Талиб, зарем ќе ја напуштиш верата на твојот татко Абдул Муталиб!?“, а тоа е обожувањето на идоли. Двајцата постојано го опоменувале додека не ги изговорил последните зборови, велејќи дека умира во верата на Абдул Муталиб, многубоштво и идолопоклонство. Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, тогаш рече: „Ќе го молам Аллах да му прости на Ебу Талиб се додека не ми забрани да го правам тоа.“ Потоа Возвишениот Аллах објави: „На Веровесникот и на верниците не им е дозволено да молат прошка за многубошците, дури и да им се најблизок род, кога им е јасно дека тие ќе бидат жители на Џехенемот.“ (Ет Теуба, 113) Во врска со Ебу Талиб објавени се и зборовите на Аллах Возвишениот: „Ти навистина не можеш да го упатиш на Вистинскиот пат тој што ти сакаш да го упатиш, Аллах му укажува на Вистинскиот пат на тој што Тој сака и Тој добро ги знае тие кои по Вистинскиот пат ќе тргнат.“ (Ел Касас, 56) Навистина ти не можеш да го упатиш тој што ти сакаш да биде упатен, ти си должен да укажуваш/повикуваш, а Аллах упатува кого сака.